MAKSTIL DITH

16 Makedonska brigada, 18
1000 Skopje, Republic of Macedonia
Tel: ++389(0)2/3287 024; 3287 149
Fax: ++389(0)2/3287 000
E-mail: info@makstil.com.mk
Web: www.makstil.com
MK 4030997338244

...ерско друштво за производство ...
...ија со производи на црна металургија
"МАКСТИЛ"
бр 0337-1048
25.09.18 год
СКОПЈЕ

# РАМКОВЕН ДОГОВОР

## за купопродажба на отпаден материјал

Склучен на ден _______ 2018 година помеѓу:

1. **МАКСТИЛ Акционерско друштво за производство и трговија со производи за црна металургија Скопје**, со седиште на ул. „16-та Македонска бригада" бр. 18, Скопје, со ЕМБС: 5166250 и ЕДБ: 4030997338244, застапувано од Генералниот директор – Извршен член на Одборот на директори Иван Бановски, со адреса на живеење на ул. "Владимир Комаров" бр. 21-44 во Скопје и од Извршниот член на Одборот на директори и Директор на Економика Петар Јанески од Скопје, со адреса на живеење на бул. "Јане Сандански" бр. 58/ 2-2 во Скопје (во понатамошниот текст: Продавач), од една страна и

2. **Друштво за услуги, производство и трговија Ф.Б МЕТАЛ ГРУП 2012 ДООЕЛ увоз – извоз с. Долна Белица Струга**, со седиште: населено место без уличен систем Долна Белица, Струга, со ЕМБС: 6823394 и ЕДБ: 4026012515107, застапувано од Управителот Филип Шајноски од Струга, со адреса на живеење на ул. "Пролетерски бригади" бр. 28 во Струга (во понатамошниот текст: Купувач), од друга страна.

**Предмет на договорот**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е купопродажба на отпад, односно отпадни кабли, отпаден месинг и електро мотори. Цените за купопродажба на горенаведениот отпад на денот на склучувањето на овој Договор се следни:

- За отпаден кабел – ам;
- За отпаден месинг грам и
- За електро мотори .

За секоја испорака ќе биде издадена Испратница од страна на Продавачот, а на Испратницата ќе биде прикачена Спецификацијата за отпадот што е предмет на утовар.

Цените наведени во ставот 1 од овој член може да бидат променети во било која насока во периодот на времетраењето на овој Договор, утврден во член 6 (шест) од овој Договор, врз основа на Одлука на Продавачот.

Доколку дојде до промена на цените, Купувачот ќе биде известен со писмено известување на адресата наведена во овој Договор.

MAKSTIL DITH

16 Makedonska brigada, 18
1000 Skopje, Republic of Macedonia
Tel: ++389(0)2/3287 024; 3287 149
Fax: ++389(0)2/3287 000
E-mail: info@makstil.com.mk
Web: www.makstil.com
MK 4030997338244

**Права и обврски**

**Член 2**

Купувачот ќе го изврши плаќањето врз основа на Про Фактура, издадена од Продавачот, непосредно пред испораката. По извршеното плаќање, Продавачот е должен да му издаде Фактура на Купувачот.

Трошоците за преземање и транспорт на отпадот од погоните на МАКСТИЛ АД Скопје (погон Челичарница и погон ВДЛ) се на товар на Купувачот.

**Член 3**

Со потпишувањето на овој Договор, Купувачот потврдува дека ги има сите потребни лиценци/дозволи за вршење на дејноста складирање и третман на отпад.

Со потпишувањето на овој Договор, Купувачот потврдува дека е согласен доколку дојде до изрекување на било какви казни кон Продавачот поради фактот што истиот не поседувал потребни лиценци/дозволи за вршење на дејноста со која што се занимава, истите целосно да му ги надомести на Продавачот.

Со потпишувањето на овој Договор, Купувачот изјавува дека отпадот предмет на овој Договор го купува на принципот видено – купено, без право на дополнителни приговори во однос на квалитетот на истиот, или пак на било кои други околности. Дополнителни рекламации од страна на Купувачот по приемот на отпадот, предмет на овој Договор не се признаваат.

**Член 4**

Доколку со одредбите на овој Договор не се регулирани одредени права и обврски на договорните страни, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и другите релевантни позитивни прописи во Република Македонија.

**Решавање на спорови**

**Член 5**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од толкувањето и извршувањето на овој Договор, договорните страни ќе се обидат да ги решаваат спогодбено во духот на добрите деловни обичаи.

MAKSTIL DITH

16 Makedonska brigada, 18
1000 Skopje, Republic of Macedonia
Tel: ++389(0)2/3287 024; 3287 149
Fax: ++389(0)2/3287 000
E-mail: info@makstil.com.mk
Web: www.makstil.com
MK 4030997338244

Доколку спорот не може да се реши спогодбено, надлежен суд ќе биде Основниот суд Скопје 2 Скопје.

**Завршни одредби**

**Член 6**

Договорот стапува на сила од денот на неговото потпишување од двете договорни страни, односно од 01.10.2018 година и истиот се склучува со времетраење во период од 1 (една) година, односно до 30.09.2019 година.

**Член 7**

Изменување и дополнување на Договорот може да се врши со заедничка согласност на договорните страни преку потпишување на Анекс Договор.

**Член 8**

Договорот е составен во 4 (четири) еднакви примероци од по три (3) страни. Секоја страна задржува по еден примерок од Договорот, а останатите 2 (два) примероци се за службена употреба.

**ПРОДАВАЧ**

**МАКСТИЛ АД СКОПЈЕ**

**Иван Бановски**

**Петар Јанески**

**КУПУВАЧ**

**Ф.Б МЕТАЛ ГРУП 2012 ДООЕЛ**

**с. Долна Белица, Струга**

**Филип Чајноски**